# Повик #01/2022 за прибирање на понуди за ангажирање на надворешен независен финансиски ревизор на Македонска асоцијација на земјоделски задруги

„Македонска асоцијација на земјоделски задруги“ - (МАЗЗ) е организација што ја консолидира работата на земјоделските задруги и нивните членови за постигнување на нивните индивидуални и заемни права и интереси на модерен и демократски начин и придонесува за развој на одржливо земјоделство и квалитет на животот. Целта на организацијата е да ги заштити економските, социјалните и културните интереси на задругите и да работи на подобрување на условите на производствениот пазар.

МАЗЗ има статус на социо-економски партнер на Владата на Република Северна Македонија и ги застапува интересите на земјоделските задруги пред МЗШВ.

МАЗЗ е здружение основано во 2012 година, а од 2021 година МАЗЗ брои 51 член (земјоделски задруги од сите региони на земјата и од различни сектори).

Повикот за прибирање на понуди за независен финансиски ревизор се објавува во рамките на Институционалниот грант на МАЗЗ и истиот е дел од активностите предвидени во Годишниот план за работа на организацијата кој е поддржан од Цивика мобилитас. Цивика мобилитас е програма на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) за поддршка на граѓанското општество во Македонија, која ја спроведуваат НИРАС од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и ФЦГ од Шведска. Целта на програмата е општествените промени во Северна Македонија да бидат поттикнати од силен граѓански сектор, активни граѓани и добра соработка со властите, што резултира со потранспарентно, поотчетно и социјално-инклузивно управување како на централно, така и на локално ниво.

**Опис на ангажманот**

Согласно член 8.1. од Општите услови на Договорот за институционален грант финансиран од Цивика мобилитас, Македонската асоцијација на земјоделски задруги е обврзана да спроведе годишна, независна, надворешна финансиска ревизија, која се однесува на целокупното финансиско работење на организацијата.
Финансиската ревизија на целокупното финансиско работење на организацијата треба да се однесува на периодот 01.01.-31.12.2021 година односно за целокупното работење на МАЗЗ, за сите активности, поддржани од сите донатори, а не само оние поддржани од Цивика мобилитас.

Финансиската ревизија треба да биде изведена согласно Законот за ревизија и Меѓународните стандарди за ревизија кои се објавени и прифатени во Република Северна Македонија, а Извештајот на ревизорите треба да е компаративен на извештаите на Македонската асоцијација на земјоделски задруги.

Покрај мислење за целокупното финансиско работење на организацијата, во рамки на ревизорскиот извештај ревизорот треба да издаде и **дополнително, посебно ревизорско мислење**, кое се однесува само за институционалиот грант финансиран од Цивика мобилитас. Некои ревизори ова дополнително мислење го вметнуваат во делот: “Извештај за други барања“.

Македонската асоцијација на земјоделски задруги сама го избира независниот финансиски ревизор, водејќи сметка истиот да биде овластен ревизор, регистриран

согласно македонските законски прописи и поседува лиценца за вршење на ревизорска дејност.

**Процес на аплицирање**

Сите заинтересирани кандидати можат да се пријават најдоцна до 11.03.2022, до 16:00 часот на е-пошта mazz@mazz.mk со предмет: Апликација за повик #01/2022 Повик за прибирање на понуди за  независен финансиски ревизор на МАЗЗ

Од апликантите се бара да ги достават следниве документи:

• Професионално CV;

• Портфолио / список на клиенти / организации за кои се испорачани исти / слични активности;

• Финансиска понуда, т.е надомест по ден во бруто износ, со сите вклучени трошоци.

Понудената цена треба да биде изразена во бруто износ во македонски денари, вклучително и персонален данок на доход.

Изборот на најповолен понудувач ќе се изврши според принципот „најдобра вредност за парите“. Критериумите за квалитет ќе вклучуваат претходни проекти и експертско искуство засновано врз портфолиото на понудувачот.

Оние кои се пријавиле ќе бидат известени за резултатите од повикот, по електронски пат, најдоцна во рок од 3 дена по изборот. МАЗЗ го задржува правото да не избере ниту еден кандидат на овој повик, во случај дека добиените понуди не одговараат на потребниот квалитет.